АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ

# Исплатени уште четворица корисници на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013)

По успешната реализација на одобрените инвестиции, четворица корисници кои потпишаа Договор со Агенцијата за користење на средства од ИПАРД Програмата по осмиот Јавен повик (01/2013), добија средства од ЕУ фондовите за рурален развој.



Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 1.861.698 денари на корисникот Зем Производ ДООЕЛ од с.Долни Балван, Неготино за обновување на постоечки лозови насади. Од вкупно исплатените средства 1.396.273 денари се средства од буџетот на ЕУ и 465.425 денари се национален дел.

На корисникот Таурус Фармс ДОО, ул.Маршал Тито бб, Богданци исплатени се средства во износ од 1.116.642 денари од кои 837.481 денари се средства од буџетот на ЕУ и 279.161 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки овошни насади.

На корисникот Јаворка Мицева од Вардарскиот плански регион исплатени се средства во износ од 41.190 денари од кои 30.892 денари се средства од буџетот на ЕУ и 10.298 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на постоечки лозови насади.

На корисникот ИЗ АВИН од Југоисточниот плански регион исплатени се средства во износ од 1.078.395 денари од кои 808.796 денари се средства од буџетот на ЕУ и 269.599 денари се средства од буџетот на РМ и истите се наменети за обновување на производство на зеленчук на отворено.